## ДЕБАТЕН ФОРУМ:

# „25 ГОДИНИ ПАЗАРНА ЕКОНОМИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И РАЗВОЈОТ НА ПАЗАРОТ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ“



Традиционалната годишна конференција на „Македонската берза“ оваа година се одржа во поинаков формат, како дебатен форум организиран од трите клучни субјекти на пазарот на хартии од вредност: Комисијата за хартии од вредност, „Македонската берза“ и Централниот депозитар за хартии од вредност. На Дебатниот форум учествуваше респектабилен состав на говорници, а темата беше „25 години пазарна економија во Република Македонија и развојот на пазарот на хартии од вредност“.

Темата, широка по својот опфат, мотивираше интересна дебата од страна на учесниците. „Економија и бизнис“ бесплатно го промовираше настанот и водејќи се од квалитетот на клучните поенти од дебатата сметаме дека тие заслужуваат понатамошна медиумска промоција.



Глигор Бишев, претседател на Управниот одбор на Шпаркасе банка Македонија, ја посочи разликата што постои на на меѓународниот пазар, меѓу каматната стапка на германската државна хартија од вредност со рок на доспевање од десет години, што служи како репер, и каматната стапка по која позајмуваат земјите во регионот при емисија на државни еврообврзници. Битна е неговата поента дека каматната разлика во случајот на Македонија е поголема во споредба со некои од нашите соседни земји, што покажува дека странските потенцијални инвеститори нè перципираат како земја со поголем ризик. Понатаму Бишев истакна дека домашните компании треба да ги користат можностите што ги нуди Македонската берза за да дојдат до дополнителен капитал, што понатаму треба да го искористат за ширење на својот бизнис во форма на регионални активности. Тоа значи дека заживувањето на нашата берза зависи од амбициите на домашните компании за развој преку сопствено преструктурирање и поагресивно ширење на сопствениот бизнис на регионалните пазари.



Љубе Трпески, првиот претседател на Комисијата за хартии од вредност и професор во пензија, се осврна на интересни историски аспекти поврзани со македонскиот пазар на хартии од вредност. Тој потсети на тешкотиите во времето на почетоците на Македонската берза, но укажа дека сега останува на помладите генерации да го преземат својот дел од одговорноста за заживување на берзата. Притоа професорот Трпески имаше и конкретен предлог. Тој смета дека пензиските друштва од земјава, што располагаат со сè поголеми финансиски средства за инвестирање, треба повеќе да инвестираат во домашни компании. Притоа пензиските друштва треба да се изборат, врз основа на својот удел во капиталот во домашните компании, да влезат во органите на управување на овие компании и таму да имаат свој претставник. Потоа со својата експертиза можат да им помогнат на сопствениците на домашните компании полесно и побрзо да го развијат бизнисот.



Зоран Јовановски од „Економија и бизнис“, меѓу другото, истакна дека во Република Македонија најпрвин треба да се дефинираат одредени стратешки прашања поврзани со економскиот модел на државата и дека за тоа е потребен општ консензус во земјата. Во однос на идното работење на македонската берза, тој посочи дека треба да се биде оптимист. Основата за оптимизмот ја гледа во незапаметено ниските каматни стапки, што ќе потраат, и исклучително високиот степен на општа доверба во институциите на системот за тргување со хартии од вредност во Македонија. Конкретно тој предложи да се пролонгира времетраењето на ослободувањето од данок на капитална добивка и тоа да се поистовети со ослободувањето од плаќање данок на камата на штедни влогови.



Савка Димитрова, претседател на Управниот одбор на „Европа“ АД Скопје, идентификуваше конкретни предности и слабости на амбиентот во кој функционира македонската економија, особено последниве години. Притоа, на страната на факторите со позитивно влијание врз бизнис-климата, Димитрова првенствено ги истакна стабилноста на девизниот курс и ниските даночни стапки. Дополнително таа го посочи значителното намалување на активните каматни стапки на банките на нивоа што се прифатливи за бизнис-секторот. За неа ова претставува многу важен фактор за подобрување на ценовната конкурентност, имајќи предвид дека нејзината компанија е во кондиторската индустрија што ја карактеризираат ниски маржи. За компанија како „Европа“, што во периодот 2010–2014 година го зголемила извозот за 50%, посочените позитивни фактори даваат основа за оптимизам за понатамошно зголемување на извозот. Од друга страна, Димитрова посочи и одредени слабости на постојниот економски амбиент. Конкретно ја посочи практиката на чести измени на законската регулатива, што го отежнува процесот на реализирање на веќе планираните параметри. Во делот на факторите што треба да се преиспитаат од дизајнерите на економските политики таа ги истакна и многу високите казни.

Друг претставник од бизнис-секторот кој активно учествуваше на Дебатниот форум беше Сашко Самарџиоски, генерален директор на „Прилепска пиварница“. Тој ги истакна успесите на неговата компанија во изминативе десетина години, посочувајќи дека е дуплиран прометот, што сега достигнал 25 милиони евра годишно, а бројот на вработени е зголемен на 260 лица. Според Самарџиоски, за успесите на неговата компанија придонесле повеќе позитивни фактори како што се воведувањето на рамните даноци, ДДВ од 5% за прехранбените производи, ослободувањето од данок на добивка во време на криза, како и можностите за откуп на земјиштето.

Јанко Тренкоски, генерален директор на КБ „Прво пензиско друштво“, се осврна на состојбите во вториот пензиски столб и задолжителното капитално финансирање. Според него неповолно е влијанието на менувањето на правилата на игра во однос на почетно утврдените параметри, што има свои понатамошни финансиски импликации врз учесниците во овој сегмент од пензискиот систем. Во тој контекст треба да постои поголема извесност за амбиентот во кој тој ќе функционира. Истовремено Тренкоски го истакна континуирано растечкиот финансиски капацитет на пензиските друштва за идно инвестирање. Како потенцијално интересни за инвестирање во иднина ги посочи инфраструктурните обврзници и инструментите за финансирање расположливи на корпоративниот сектор.

Кристијан Поленак, партнер во Адвокатското друштво „Поленак“, имаше неколку интересни поенти. Најпрвин тој истакна дека за инвеститорите е многу важна правната сигурност. Во тој контекст ја истакна потребата од доследно воспоставување на независност на судовите и засновање на цврст систем на владеење на правото. Тој посочи дека политичката несигурност ги одвраќа инвеститорите, но не сите, туку само најквалитетните, бидејќи има инвеститори кои и во вакви околности гледаат добра шанса за заработка. Во однос на можностите за заживување на домашниот пазар на хартии од вредност, Поленак истакна дека домашните и странските фирми имаат свои мотиви за отсуство од берзата. Според него резидентите и нерезидентите во Македонија живеат како во два различни света. Домашните фирми се несигурни, од повеќе причини, за тоа како ќе се развива нивниот бизнис и затоа се колебаат да одат на берза. Од друга страна, странските фирми од економските зони имаат цврсто утврдени правила на работа со фирмите-мајки, не зависат од домашниот пазар, фокусирани се на извоз и нема да се обратат на македонската берза. Во однос на идните берзански случувања, тој ја истакна потребата од зголемена регионална соработка на берзите и транспарентност на компаниите.

Васко Митев, извршен директор на „Илирика инвестментс“, се фокусираше на аспектите што се важни за директните учесници на пазарот на хартии од вредност. Тој го истакна постоењето на системски ризици поврзани со политичката стабилност, судството и владеењето на правото. За интензивирање на активностите на Македонската берза Митев посочи дека треба да се направи либерализација на регулаторната рамка и да се зголеми финансиската писменост на населението.

Иван Штериев, директор на „Македонската берза“, меѓу другото, резимираше дека берзите во националните економии не се институционален остров, туку дека севкупните случувања на одреден начин се пресликуваат на берзата на хартии од вредност. Тој ја додели и наградата „Кристално ѕвоно“ за најтранспарентните котирани акционерски друштва.

Во целина, ова беше настан што со својот севкупен квалитет ја потврди високата репутација на институциите што го организираа.

Кирко Бошкоски